UDK 37

ISSN 2545 - 4439
ISSN 1857 - 923X

# INTERNATIONAL JOURNAL

Institute of Knowledge Management

# KNOWLEDGE

## Scientific Papers

Vol. 46. 2.

## EDUCATION



KIJ Vol. 46 No. 2 pp. 227 - 384 Skopje 2021

KNOWLEDGE

INTERNATIONAL JOURNAL

# SCIENTIFIC PAPERS
# VOL. 46.2

*June, 2021*

**INSTITUTE OF KNOWLEDGE MANAGEMENT**
**SKOPJE**

# KNOWLEDGE

## International Journal Scientific Papers Vol. 46.2

**ADVISORY BOARD**

Vlado Kambovski PhD, Robert Dimitrovski PhD, Siniša Zarić PhD, Maria Kavdanska PhD, Venelin Terziev PhD, Mirjana Borota – Popovska PhD, Veselin Videv PhD, Ivo Zupanovic, PhD, Savo Ashtalkoski PhD, Zivota Radosavljević PhD, Laste Spasovski PhD, Mersad Mujevic PhD, Milka Zdravkovska PhD, Drago Cvijanovic PhD, Predrag Trajković PhD, Lazar Stosic PhD, Krasimira Staneva PhD, Nebojsha Pavlović PhD, Daniela Todorova PhD, Baki Koleci PhD, Lisen Bashkurti PhD, Zoran Srzentić PhD, Sinisa Opic PhD, Marija Kostic PhD

**Print:** GRAFOPROM – Bitola

**Editor:** IKM – Skopje

**Editor in chief**
Robert Dimitrovski, PhD

**KNOWLEDGE - International Journal Scientific Papers Vol. 46.2**

**ISSN 1857-923X (for e-version)**
**ISSN 2545 – 4439 (for printed version)**

## INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD

**President:** Academic, Prof. Vlado Kambovski PhD, Skopje (N. Macedonia)

**Vice presidents:**
Prof. Robert Dimitrovski PhD, Institute of Knowledge Management, Skopje (N. Macedonia)
Prof. Sinisa Zaric, PhD, Faculty of Economics, University of Belgrade, Belgrade (Serbia)
Prof. Venelin Terziev PhD, University of Rousse, Rousse (Bulgaria)
Prof. Mersad Mujevic PhD, Public Procurement Administration of Montenegro (Montenegro)
Prof. Tihomir Domazet PhD, President of the Croatian Institute for Finance and Accounting, Zagreb (Croatia)

**Members:**
- Prof. Azra Adjajlic – Dedovic PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Aleksandar Korablev PhD, Faculty of economy and management, Saint Petrsburg State Forest Technical University, Saint Petrsburg (Russian Federation)
- Prof. Anita Trajkovska PhD, Rochester University (USA)
- Prof. Aziz Pollozhani PhD, Rector, University Mother Teresa, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Anka Trajkovska-Petkoska PhD, UKLO, Faculty of technology and technical sciences, Bitola (N. Macedonia)
- Prof. Aneta Mijoska PhD, Faculty of Dentistry, University “St. Cyril and Methodius”, Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Alisabri Sabani PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Artan Nimani PhD, Rector, University of Gjakova “Fehmi Agani” (Kosovo)
- Prof. Ahmad Zakeri PhD, University of Wolverhampton, (United Kingdom)
- Prof. Ana Dzumalieva PhD, South-West University “Neofit Rilski”, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Ali Hajro, PhD, Military Academy “Mihailo Apostolski”, Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Branko Sotirov PhD, University of Rousse, Rousse (Bulgaria)
- Prof. Branko Boshkovic, PhD, College of Sports and Health, Belgrade (Serbia)
- Prof. Branimir Kampl PhD, Institute SANO, Zagreb (Croatia)
- Prof. Baki Koleci PhD, University Hadzi Zeka, Peya (Kosovo)
- Prof. Branislav Simonovic PhD, Faculty of Law, Kragujevac (Serbia)
  Prof. Bistra Angelovska, Faculty of Medicine, University “Goce Delcev”, Shtip (N.Macedonia)
- Prof. Cezar Birzea, PhD, National School for Political and Administrative Studies, Bucharest (Romania)
- Prof. Cvetko Andreevski, Faculty of Tourism, UKLO, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Drago Cvijanovic, PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Dusan Ristic, PhD Emeritus, College of professional studies in Management and Business Communication, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Darijo Jerkovic PhD, Faculty of Business Economy, University “Vitez”, (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Daniela Todorova PhD, “Todor Kableshkov” University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Dragan Kokovic PhD, University of Novi Sad, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Dragan Marinkovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)

- Prof. Daniela Ivanova Popova PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Dzulijana Tomovska, PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Evgenia Penkova-Pantaleeva PhD, UNWE -Sofia (Bulgaria)
- Prof. Fadil Millaku, PhD, University “Hadzi Zeka”, Peja (Kosovo)
- Prof. Fatos Ukaj, University “Hasan Prishtina”, Prishtina (Kosovo)
- Prof. Georgi Georgiev PhD, National Military University “Vasil Levski”, Veliko Trnovo (Bulgaria)
- Prof. Halit Shabani, PhD, University “Hadzi Zeka”, Peja (Kosovo)
- Prof. Halima Sofradzija, PhD, University of Sarajevo, Saraevo (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Haris Halilovic, Faculty of criminology and security, University of Sarajevo, Saraevo (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Helmut Shramke PhD, former Head of the University of Vienna Reform Group (Austria)
- Prof. Hristina Georgieva Yancheva, PhD, Agricultural University, Plovdiv (Bulgaria)
- Prof. Hristo Beloev PhD, Bulgarian Academy of Science, Rector of the University of Rousse (Bulgaria)
- Prof. Hristina Milcheva, Medical college, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Izet Zeqiri, PhD, Academic, SEEU, Tetovo (N.Macedonia)
- Prof. Ivan Marchevski, PhD, D.A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Ibrahim Obhodjas PhD, Faculty of Business Economy, University “Vitez”, (Bosnia & Herzegovina)
- Doc. Igor Stubelj, PhD, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Prof. Ivo Zupanovic, PhD, Faculty of Business and Tourism, Budva (Montenegro)
- Prof. Ivan Blazhevski, PhD, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Isa Spahiu PhD, AAB University, Prishtina (Kosovo)
- Prof. Ivana Jelik PhD, University of Podgorica, Faculty of Law, Podgorica (Montenegro)
- Prof. Islam Hasani PhD, Kingston University (Bahrein)
- Prof. Jamila Jaganjac PhD, Faculty of Business Economy, University “Vitez”, (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Jova Ateljevic PhD, Faculty of Economy, University of Banja Luka, (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Jonko Kunchev PhD, University „Cernorizec Hrabar“ - Varna (Bulgaria)
- Prof Karl Schopf, PhD, Akademie fur wissenschaftliche forchung und studium, Wien (Austria)
- Prof. Katerina Belichovska, PhD, Faculty of Agricultural Sciences, UKIM, Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Krasimir Petkov, PhD, National Sports Academy “Vassil Levski”, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Kamal Al-Nakib PhD, College of Business Administration Department, Kingdom University (Bahrain)
- Prof. Kiril Lisichkov, Faculty of Technology and Metallurgy, UKIM, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Krasimira Staneva PhD, University of Forestry, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Lidija Tozi PhD, Faculty of Pharmacy, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Laste Spasovski PhD, Vocational and educational centre, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Larisa Velic, PhD, Faculty of Law, University of Zenica, Zenica ( Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Łukasz Tomczyk PhD, Pedagogical University of Cracow (Poland)

- Prof. Lujza Grueva, PhD, Faculty of Medical Sciences, UKIM, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Lazar Stosic, PhD, Association for development of science, engineering and education, Vranje (Serbia)
- Prof. Lulzim Zeneli PhD, University of Gjakova “Fehmi Agani” (Kosovo)
- Prof. Lisen Bashkurti PhD, Global Vice President of Sun Moon University (Albania)
- Prof. Lence Mircevska PhD, High Medicine School, Bitola, (N.Macedonia)
- Prof. Ljupce Kocovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Marusya Lyubcheva PhD, University “Prof. Asen Zlatarov”, Member of the European Parliament, Burgas (Bulgaria)
- Prof. Marija Magdinceva – Shopova PhD, Faculty of tourism and business logistics, University “Goce Delchev”, Shtip (N. Macedonia)
- Prof. Maria Kavdanska PhD, Faculty of Pedagogy, South-West University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Maja Lubenova Cholakova PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Mirjana Borota-Popovska, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Mihail Garevski, PhD, Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Misho Hristovski PhD, Faculty of Veterinary Medicine, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Mitko Kotovchevski, PhD, Faculty of Philosophy, UKIM, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Milan Radosavljevic PhD, Dean, Faculty of strategic and operational management, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Marija Topuzovska-Latkovikj, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Marija Knezevic PhD, Academic, Banja Luka, (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Margarita Bogdanova PhD, D.A.Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Mahmut Chelik PhD, Faculty of Philology, University “Goce Delchev”, Shtip (N.Macedonia)
- Prof. Mihajlo Petrovski, PhD, Faculty of Medical Sciences, University “Goce Delchev”, Shtip (N.Macedonia)
- Prof. Marija Mandaric PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Marina Simin PhD, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
- Prof. Miladin Kalinic, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
  Prof. Marijan Tanushevski PhD, Macedonian Scientific Society, Bitola (N. Macedonia)
- Prof. Mitre Stojanovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Miodrag Smelcerovic PhD, High Technological and Artistic Vocational School, Leskovac (Serbia)
- Prof. Nadka Kostadinova, Faculty of Economics, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Natalija Kirejenko PhD, Faculty For economic and Business, Institute of Entrepreneurial Activity, Minsk (Belarus)
- Prof. Nenad Taneski PhD, Military Academy “Mihailo Apostolski”, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Nevenka Tatkovic PhD, Juraj Dobrila University of Pula, Pula (Croatia)
- Prof. Nedzad Korajlic PhD, Faculty of criminal justice and security, University of Sarajevo (Bosnia and Herzegovina)

- Prof. Nikola Sabev, PhD, Angel Kanchev University of Ruse, Ruse (Bulgaria)
- Prof. Nonka Mateva PhD, Medical University, Plovdiv (Bulgaria)
- Prof. Nikolay Georgiev PhD, "Todor Kableshkov" University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Nishad M. Navaz PhD, Kingdom University (India)
- Prof. Nano Ruzhin PhD , Faculty of Law, AUE-FON University, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Oliver Dimitrijevic PhD, High medicine school for professional studies "Hipokrat", Bujanovac (Serbia)
- Prof. Paul Sergius Koku, PhD, Florida State University, Florida (USA)
- Prof. Primoz Dolenc, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Prof. Petar Kolev PhD, "Todor Kableshkov" University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Pere Tumbas PhD, Faculty of Economics, University of Novi Sad, Subotica (Serbia)
- Prof. Rade Ratkovic PhD, Faculty of Business and Tourism, Budva (Montenegro)
- Prof. Rositsa Chobanova PhD, University of Telecommunications and Posts, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Rossana Piccolo PhD, Università degli studi della Campania - Luigi Vanvitelli (Italy)
- Prof. Rumen Valcovski PhD, Imunolab Sofia (Bulgaria)
- Prof. Rumen Stefanov PhD, Faculty of public health, Medical University of Plovdiv (Bulgaria)
  Prof. Rumen Tomov PhD, University of Forestry, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Sasho Korunoski PhD, UKLO, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Snezhana Lazarevic, PhD, College of Sports and Health, Belgrade (Serbia)
- Prof. Stojan Ivanov Ivanov PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Stojna Ristevska PhD, High Medicine School, Bitola, (N. Macedonia)
- Prof. Suzana Pavlovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Sandra Zivanovic, PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Shyqeri Kabashi, College "Biznesi", Prishtina (Kosovo)
- Prof. Temelko Risteski PhD, Faculty of Law, AUE-FON University, Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Todor Krystevich, D.A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Todorka Atanasova, Faculty of Economics, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Tzako Pantaleev PhD, NBUniversity , Sofia (Bulgaria)
- Prof. Vojislav Babic PhD, Institute of Sociology, University of Belgrade (Serbia)
- Prof. Volodymyr Denysyuk, PhD, Dobrov Center for Scientific and Technologogical Potential and History studies at the National Academy of Sciences of Ukraine (Ukraine)
- Prof. Valentina Staneva PhD, "Todor Kableshkov" University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Venus Del Rosario PhD, Arab Open University (Philippines)
- Prof. Vjollca Dibra PhD, University of Gjakova "Fehmi Agani" (Kosovo)
- Prof. Yuri Doroshenko PhD, Dean, Faculty of Economics and Management, Belgorod (Russian Federation)
- Prof. Zlatko Pejkovski, PhD, Faculty of Agricultural Sciences, UKIM, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Zivota Radosavljevik PhD, Faculty FORCUP, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Zorka Jugovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)

## REVIEW PROCEDURE AND REVIEW BOARD

Each paper is reviewed by the editor and, if it is judged suitable for this publication, it is then sent to two referees for double blind peer review.

The editorial review board is consisted of 63 members, full professors in the fields 1) Natural and mathematical sciences, 2) Technical and technological sciences, 3) Medical sciences and Health, 4) Biotechnical sciences, 5) Social sciences, and 6) Humanities from all the Balkan countries and the region.

## CONTENTS

BURNOUT SYNDROME IN TEACHERS FROM SPECIAL SCHOOLS IN THE HELLENIC REPUBLIC IN A SITUATION OF SOCIAL ISOLATION ........ 241
Rusanka Mancheva ........ 241
Simona Nikolova ........ 241
Eurydice Nerantzi ........ 241
BALANCE IN THE TEACHER-STUDENT RELATIONS THROUGH MOTIVATION ........ 249
Lalka Borisova ........ 249
DEVELOPING LEARNER AUTONOMY ........ 255
Nina Daskalovska ........ 255
Adrijana Hadzi-Nikolova ........ 255
FACTORS FOR INCREASING THE COGNITIVE MOTIVATION OF YOUNG CHILDREN ........ 261
Bistra Cholakova ........ 261
PERCEPTIONS ON THE DIDACTIC ARCHITECTURE OF THE FUTURE SCHOOL (IDEAS AND REFLECTIONS) ........ 265
Natasha Poroçani Shuteriqi ........ 265
DETERMINATION OF THE ATTITUDES OF THE HIGHER GRADE STUDENTS ( 7-th to 9-th GRADE) IN THE PMS „ GOCE DELCHEV" – SHTIP - IN RELATION TO THE INCLUSION OF STUDENTS WITH SPECIAL EDUCATIONAL NEEDS ........ 271
Lidija Kamcheva - Panova ........ 271
Slavica Pilatova ........ 271
METHODS OF IMPLEMENTATION OF READING STRATEGIES ........ 277
Adrijana Hadzi-Nikolova ........ 277
Nina Daskalovska ........ 277
READING - A PREREQUISITE FOR STIMULATING THE DEVELOPMENT OF COMMUNICATIVE SPEECH SKILLS IN PRIMARY SCHOOL STUDENTS ........ 283
Iva Andonova Stamenova ........ 283
THE PROCESS OF READING IN FIRST GRADERS ........ 293
Miroslava P. Miteva-Teneva ........ 293
SURVEY OF THE READINESS OF FUTURE PRIMARY TEACHERS TO USE INTERACTIVE METHODS IN TEACHING BULGARIAN LANGUAGE AND LITERATURE ........ 297
Dalia Al-Khalil ........ 297
ORGANIZATIONAL CULTURE AS A FACTOR FOR IMPROVING THE QUALITY OF LIBRARY SERVICES ........ 305
Albena Yaneva ........ 305
METHODOLOGY AND CREATIVITY IN TEACHING MATHEMATICS ........ 311
Dragana Paralović ........ 311
GAMES IN MATHEMATICS AND SCIENCE EDUCATION ........ 317
Nataliya Pavlova ........ 317
Dragomir Marchev ........ 317
ILLUSTRATION OF THE TEXT PROBLEMS IN THE NEW TEXTBOOKS IN MATHEMATICS FOR FIRST GRADE ........ 323
Mihaela Nikolova ........ 323
CONTROLLING AS A MANAGERIAL FUNCTION - A FACTOR FOR AN EFFECTIVE SCHOOL ........ 329
Vesna Nastoska ........ 329
APPLICATION OF MODERN ECOLOGICAL EDUCATION TO SCHOOL INSTITUTIONS ........ 335
Denis Stojkanović ........ 335
Zdravka Petković ........ 335
Vladimir Grdinić ........ 335

TECHNOLOGY AND ENTREPRENEURSHIP EDUCATION IN FIRST IN FIRST GRADE OF PRIMARY SCHOOL ........ 341
Lyuben Vitanov ........ 341
COMMON MISTAKES WHEN USING TEXT IN MULTIMEDIA PRESENTATIONS CREATED WITH THE POWER POINT APPLICATION ........ 347
Ivan Dushkov ........ 347
INCLUSION OF REFORMS IN THE PRIMARY EDUCATION SYSTEM OF PRIZREN/KOSOVO 353
Digjle Namligji ........ 353
Fadbi Osmani ........ 353
THE EVOLUTION OF THE FOUR- HAND ENSEMBLE PLAYING – FROM THE HOMELY ENVIRONMENT TO THE CONCERT HALL ........ 361
Denitsa Veselinska ........ 361
MONA LISA THROUGH THE PERSPECTIES OF STUDEENTS – FUTURE TEACHERS USING COLLAGE – TECHNIQUES ........ 365
Gergana Mihaylova ........ 365
AEROBICS AS A COMPONENT OF THE PREPARATORY PHASE OF THE PEDAGOGICAL APPROACH IN PHYSICAL CULTURE AND CLASSES IN PHYSICAL EDUCATION AND SPORTS ........ 373
Gergana Minkovska ........ 373
ADOLESCENCE AND THE ROLE OF THE TEACHER ........ 379
Ariana Striniqi (Lacej) ........ 379

# DEVELOPING LEARNER AUTONOMY

**Nina Daskalovska**
Goce Delcev University, Stip, N. Macedonia, nina.daskalovska@ugd.edu.mk
**Adrijana Hadzi-Nikolova**
Goce Delcev University, Stip, N. Macedonia, adrijana.hadzi-nikolova@ugd.edu.mk

**Abstract:** The implementation of communicative language teaching approaches instead of the traditional methods has led to many changes in the classroom. Unlike the traditional methods where the teacher has the central role, s/he presents the new material and gives all the explanations while the students are passive recipients of that knowledge, in contemporary approaches to teaching and learning the students have the central role. They are expected to participate actively in all stages of the learning process, to take responsibility for their learning, to use strategies that can help them achieve better results, to monitor their progress and to be able to evaluate their knowledge. These changes in foreign language instruction have led to more and more frequent use of the term *learner autonomy.* A lot of experts point out that one of the goals of language teaching is to encourage learners to be more independent in the learning process and not rely on the teacher all the time, to develop capacities for critical thinking, for making their own choices and for making decisions. In this way, they will not only learn more efficiently in the classroom, but they will be able to supplement learning in the classroom with learning outside the classroom, and they will develop skills for self-directed learning after completing their formal education. As it is a long process, teachers need to help their learners gradually break away from the dependence on the teacher and develop skills for independent learning. The aim of this paper is to elaborate on the importance of developing learner autonomy and to present several possible ways of encouraging learner autonomy in foreign language learners.
**Keywords:** learner autonomy, responsibility, strategy training, critical thinking, metacognitive strategies

# РАЗВИВАЊЕ НА УЧЕНИЧКА АВТОНОМИЈА

**Нина Даскаловска**
Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, nina.daskalovska@ugd.edu.mk
**Адријана Хаџи-Николова**
Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, adrijana.hadzi-nikolova@ugd.edu.mk

**Резиме:** Примената на комуникативните приоди во наставата по странски јазици наместо традиционалните методи доведе до многу промени во училницата. За разлика од традиционалните методи каде што наставникот ја има централната улога, го предава новиот материјал и ги дава сите објаснувања, а учениците се пасивни чинители, во современите методи на учење и поучување учениците ја имаат централната улога. Од нив се очекува активно да учествуваат во сите фази од наставниот процес, да преземаат одговорност за своето учење, да користат стратегии кои ќе им помогнат да постигант подобри резултати, да го следат својот напредок и да бидат способни сами да го евалуираат своето знаење. Овие промени во наставата по странски јазици доведе до сé почеста употреба на терминот *ученичка автономија.* Голем број експерти истакнуваат дека една од целите на наставата е да се поттикнуваат учениците да бидат посамостојни во процесот на учење и да не зависат постојано од наставникот, да развиваат капацитети за критички размислување, правење сопствени избори и донесување одлуки. На тој начин, не само што ќе учат поефикасно во училницата, тие ќе бидат способни да го дополнуваат учењето во училница со учење надвор од училницата и ќе развијат вештини за самостојно учење и по завршувањето на формалното образование. Бидејќи тоа е долготраен процес, наставниците треба да им помогнат на учениците постепено да се оттргнуваат од зависноста од наставникот и да развиваат вештини за самостојно учење. Целта на овој труд е да се елаборира важноста на развивањето на ученичката автономија и да се презентираат некои можни начини на поттикнување на автономијата кај учениците кои изучуваат странски јазици.
**Клучни зборови**: ученичка автономија, одговорност, обука за користење на стратегии, критичко размислување, метакогнитивни стратегии

## 1. ВОВЕД

Секој кој се обидел да научи некој странски јазик знае дека е потребно многу напор и време за да се научи јазикот до тој степен за да може да се користи во автентични ситуации. Без разлика колку е добар

наставникот и колку учениците се трудат да научат во текот на часовите, ако учењето е ограничено само во училницата не може да се постигне голем напредок бидејќи „јазикот е премногу комплексен за да има доволно време учениците да научат сé што треба во училницата“ (Harmer, 2001, p. 335). Учениците обично имаат по два или три часа неделно, што се сведува на 70-100 часови годишно, што не овозможува доволна изложеност на јазикот и доволно време да се научат сите поединости на странскиот јазик. За да се надминат ограничувањата на учењето во училница, учениците треба да станат автономни ученици, што значи дека треба да станат самостојни и сами да го планираат и организираат изучувањето на странскиот јазик.

Постојат повеќе дефиници за тоа што значи ученичка автономија, но иако искажани на различен начин, сите ја истакнуваат важноста на активната улога на ученикот во процесот на учење. Па така, ученичката автономија е дефинирана како „способност да се преземе одговорност за своето учење“ (Holec, 1981, p. 3), „капацитет за непристрасност, критичко размислување, донесување одлуки и преземање дејства“ (Little, 1991, p.4) или „став кон учењето според кој ученикот е подготвен да преземе, или презема одговорност за своето учење“ (Dickinson, 1995, p. 167). Варчулски (Warchulski, 2015) забележува дека заради различните модели, теории и гледишта постојат различни нивоа на автономија, културни варијации и различни верзии на ученичката автономија. Тој ја истакнува разликата помеѓу ‘проактивна’ и ‘реактивна’ автономија, при што проактивната автономија вклучува ангажираност на учениците во сите аспекти на процесот на учење и бара радикални промени во улогите на наставникот и учениците во училницата, додека реактивната автономија дозволува постепена форма на автономија која ги зема предвид кулуролошките карактеристики, па таа претставува прелиминарен чекор кон постигнување на проактвина автономија.

Хеџ (Hedge, 2000, p. 76) замолила една група наставници да го дефинираат поимот автономни ученици, па врз основа на нивните одговори таа навела листа на карактеристики според која автономните ученици:

- ги знаат своите потреби и работат продуктивно кон постигнување на своите цели;
- учат и во училницата и надвор од неа;
- ги надополнуваат материјалите за учење со дополнителни материјали од други извори;
- знаат како самостојно да ги користат изворите за учење;
- учат со активно размислување;
- ги прилагодуваат стратегиите за учење кога е потребно за да ги подобрат резултатите;
- соодветно го планираат и користат времето за учење;
- не сметаат дека наставникот е господ кој ќе им даде способност да го научат јазикот.

Многу од овие карактеристики одговараат на карактеристиките на успешните изучувачи на странски јазици, што сугерира дека успехот во учењето на јазици во голема мера зависи од примената на стратегии за автономно и самостојно учење. Браун (Brown, 2007, p. 130-131) истакнува дека за да бидат успешни, учениците треба да преземат одговорност за своето учење, да бидат свесни за процесот на учење и да преземаат соодветни дејства во форма на стратегии за учење кои им стојат на располагање. Тоа значи дека наставниците треба да посветат внимание не само на тоа што го учат учениците, туку и како учат, за да можат да им помогнат да станат самостојни ученици.

## 2. ВАЖНОСТА НА АВТОНОМИЈАТА

Развивањето на ученичката автономија има многу позитивни страни. Постојат голем број на стратегии кои можат да им помогнат на учениците да го научат јазикот поуспешно, но учениците можеби не ги знаат сите или можеби не знаат како да ги користат. Оттука, со вклучување на стратегиите во наставата во училницата и овозможување учениците да ги научат и применуваат различните стратегии, наставниците ќе им помогнат на учениците да станат поефикасни при усвојувањето на јазикот во и надвор од училницата. Откако ќе ги совладаат стратегиите во училницата, тие можат да ги користат самостојно надвор од училницата. Што е исто така важно, откако ќе завршат со формалното образование, тие и понатаму можат да продолжат да го усвојуваат и вежбаат јазикот, бидејќи за да се оддржи јазичната компетенција што ја постигнале тие мора да продолжат да го користат јазикот.

Учениците во една училница може да имаат различни причини за учење на странски јазик, различни цели и различни способности. Ако научиле стратегии за самостојно учење, тие може да се фокусираат на аспектите на јазикот кои им се важни или кои сметаат дека треба да ги подобрат. Па така, ученикот кој сака да ги подобри вештините на читање ќе чита и надвор од училницата користејќи соодветни стратегии за читање, ученикот кој има проблеми со граматиката може да најде дополнителни граматички вежби и квизови на интернет или од други извори и да вежба дома, ученикот кој сака да си го подобри изговорот може да слуша аудио фајлови или да најде вежби за изговор на интернет, и слично.

Друга корист од развивањето на ученичката автономија е што ја зголемува само-почитта и вербата во своите способности да се научи странскиот јазик. Учениците кои веруваат во своите способности имаат поголеми шанси да бидат успешни во усвојувањето на јазикот бидејќи тие не се плашат да прават грешки, ја користат секоја прилика да научат нешто ново, експериментираат со јазикот и за нив учењето на јазикот претставува предизвик и задоволство.

Исто така, автономните ученици размислуваат и го оценуваат својот успех во учењето, што им помага да проценат колку постигнале и како треба да продолжат понатаму. Следејќи го својот напредок, размислувајќи за начините како да го подобрат своето знаење и идентификувајќи ги најкорисните стилови и стратегии за учење, тие ги зголемуваат своите шанси да успеат во учењето и усовршувањето на јазикот.

Целта на образованието во демократските општества е развивање на квалитети и способности кај учениците кои ќе им помогнат да станат одлучни, креативни, флексибилни и одговорни граѓани. Во училницата во која наставникот го пренесува знаењето, а учениците се само пасивни приматели на тоа знаење, тие цели не може да се постигнат. Методите во кои учениците се активни чинители и се поттикнуваат да преземаат одговорност за своето учење и да станат автономни ученици резултираат во создавање на одговорни личности кои продолжуваат да го прошируваат своето знаење и учат во текот на целиот живот.

## 3. НАЧИНИ НА РАЗВИВАЊЕ НА АВТОНОМИЈАТА

Учениците се разликуваат во многу аспекти, како на пример мотивацијата за учење на јазикот, нивните лични карактеристики, нивната возраст, стиловите и стратегиите кои ги користат, итн. Учениците кои имаат голема мотивација, кои имаат активен пристап кон учењето на јазикот во и надвор од училницата и кои размислуваат за процесот на учење се на добар пат да станат автономни ученици. Меѓутоа, некои ученици не се толку мотивирани да го научат јазикот, не преземаат мерки да го подобрат своето знаење и постојано се потпираат на наставникот. Само со укажување на важноста да се биде автономен ученик нема да им се помогне на ваквите ученици да станат посамостојни. Наставниците треба да ги планираат своите часови на тој начин што развојот на автономијата кај учениците е вклучена во самата настава. Котерал (Cotterall, 2000, p. 111-112) истакнува дека за да се поттикне ученичката автономија, наставата треба да ги рефлектира целите на учениците преку планираните задачи и стратегии. Со други зборови, учениците треба да станат свесни за начините на идентификување на целите и одредувување на ресурсите кои ќе им помогнат да ги постават тие цели. Исто така, задачите на час треба да бидат тесно поврзани со соодветен модел за усвојување на јазикот бидејќи ако учениците немаат претстава за процесот на учење, тие нема да можат да го планираат своето учење и да применуваат стратегии кои ќе им одговараат според поставените цели. Наставата треба да вклучува комуникативни активности кои се слични на реални ситуации и да се поттикнуваат учениците да размислуваат за своето учење.

Хармер (Harmer, 2001, p. 335) истакнува дека ставовите кон автономното учење се условени од образовната култура во која учат учениците и дека во некои контексти ученичката автономија не се смета за посакувана карактеристика. Во такви средини наставниците може да се соочат со пасивен или активен отпор ако се обидат да го наметнат автономното учење на несоодветен начин. Дури и кога не постои отпор кон автономно учење, некои ученици ќе бидат помалку и повеќе успешни како автономни ученици во зависност од нивниот стил на учење и нивниот став кон учењето. Затоа е потребно да се негува позитивен став кон учењето и да се подготват учениците да научат и користат ефективни стратегии за учење. Хеџ (Hedge, 2000, p. 85) ја нарекува оваа подготовка ‘ученичка обука’ и ја дефинира како „група на процедури и активности кои ја подигнуваат свесноста на учениците за тоа што вклучува учењето на странски јазик со што учениците се поттикнуваат да бидат поактивни и поодговорни во учењето и им помага да ги развијат своите стратегии за учење“. Оваа подготовка има и психолошки и практични аспекти. Хеџ (Hedge, 2000, p. 86-96) предлага три видови на стратегии кои ќе им помогнат на учениците да ја зголемат својата самодоверба и компетенција во учењето на странскиот јазик:

1. Активности кои ќе им помагаат на учениците да размислуваат за своето учење.
2. Активности кои ќе им помогнат на учениците да научат стратегии за учење и ќе ги оспособат да бидат поактивни.
3. Активности кои ќе ги поттикнат учениците да го следат и оценуваат својот напредок.

Авторката смета дека за наставниците најтешката задача е да ги натераат учениците кои се навикнати да се потпираат на наставниците да преземат поголема одгворност за своето учење. На овие ученици им е потребна психолошка подготовка која ќе им помогне да се ослободат од ставовите кои креираат зависност од наставникот и да развијат свесност за начините на кои може да користат различни ресурси и методи за учење самостојно. Еден од тие начини е користење на прашалник, како на пример „Што мислиш за твоето пишување“ со кој учениците ќе почнат да размислуваат за проблемите кои ги имаат при пишувањето и како

да го подобрат истото, како и размислување за нивните очекувања од наставниците и од самите нив. Што е уште поважно, тоа им помага на учениците да сфатат дека треба да се активно вклучени во процесот на учење и дека треба да преземаат поголеми одговорности.
Друг начин е да се натераат учениците да размислуваат за своите силни и слаби страни, што ќе послужи како основа за преземање соодветни мерки и чекори. Тоа исто така може да се направи со прашалник кој ќе им помогне на учениците да ги анализираат своите чувства за некои аспекти од учењето и да размислуваат за тоа како учат. Хармер (Harmer, 2001, p. 336-337) сугерира дека наставниците треба често да дискутираат со учениците за нивните искуства со учењето. На пример, тие може да ги опишат нивните омилени лекции и да кажат кој дел од лекцијата им бил најлесен или најтежок и зошто. Исто така, тие може да дискутираат зошто некои зборови ги учат и меморираат полесно од други, и што може да направат за да ги научат потешките зборови. Освен тоа, наставникот може да ги поттикнува учениците да го оценуваат својот напредок преку прашања со кои ќе се извлечат нивните мислења за тоа колку добро го научиле материјалот од последните неколку лекции. Раја (Raya, 1998: 16) истакнува дека не е доволно наставниците само да ја подигнат свеста на учениците за нивното учење туку и да ги водат кон модели на добро размислување и стекнување на квалитети кои се карактеристични за успешните ученици. На тој начин ќе им помогнат конструктивно да размислуваат за своето учење со што ќе научат да откриваат нови перспективи и можности врз основа на нивните идеи и претстави.
Размислувањето за учењето вклучува прашања од типот како и зошто работите се такви какви што се. Ако најуспешниот пристап кон развивање на ученичката автономија е тој при којшто учениците ја подигнуваат својата свесност преку преиспитување на нивните претстави за процесот на учење и информирање за различните можности, од суштинска важност е учениците да развијат способности за посветување внимание на тоа како учат. Разбирањето на когнитивните процеси се случува кога од нас се бара да размислиме и да објасниме, или да ја разјасниме нашата позиција пред себе или пред другите. Потребата да се преточи во зборови што ние знаеме или мислиме е движечката сила која не тера да го оценуваме, интегрираме и објасниме знаењето за когнитивните процеси на нови начини (Raya, 1998, p. 16). Размислувањата на учениците се исто така корисни и за наставниците, бидејќи, како што наведува Хеџ (Hedge, 2000, p. 87), тие размислувања ќе им дадат идеи на наставниците за наставата, но и ќе им покажат на наставниците колку учениците можат навистина да ги оценат своите силни и слаби страни.
За да ги поттикнат учениците да бидат посамостојни, наставниците можат постепено да воведуваат активности кои ќе им помогнат да го зголемат своето знаење за начините на учење и да развијат корисни стратегии кои може да ги користат за самостојно учење без да се потпираат цело време на наставникот. На пример, ако учениците научат како да го погодуваат значењето на новите зборови од контекст, тие нема постојано да чекаат наставникот да им ги објасни зборовите или наместо наставникот да ги објаснува граматичките правила, ученицте може да се обучат да користат различни ресурси, да бараат примери и да ги анализираат за да ги откријат правилата (Hedge, 2000, p. 90). Раја (Raya, 1998, p. 13) забележува дека развивањето на когнитивните стратегии е важно прашање на полето на образовната психологија и усвојувањето на странски јазици, но тоа не е секогаш вклучено во наставните програми бидејќи не е лесно за имплементирање и резултатите не можат веднаш да се видат. Браун (Brown, 2007, p. 40) потенцира дека како што се обидуваме да ја направиме училницата ефективно место за учење, станува очигледно дека поучувањето на учениците како да учат е од суштинска важност. Многу лингвисти се согласуваат дека една од целите на наставата по странски јазици е да им се помогне на учениците да станат автономни и самостојни ученици, а тоа може да се постигне преку поттикнување на учениците да ги усвојат потребните вештини и стратегии за независно учење. Според Браун, тоа вклучува неколку чекори: а) идентификување на стиловите на учење на учениците, б) вклучување на стратегии за учење во наставата, и в) обезбедување на помош на учениците надвор од наставата.
Други стратегии кои се важни за развивање на независноста на учениците се метакогнитивните стратегии кои им помагаат на учениците да го координираат процесот на учење. Метакогнитивните стратегии, според Оксфорд (Oxford, 1990, p. 137-138), се состојат од три групи на стратегии: фокусирање, планирање и оценување на учењето. Оксфорд истакнува дека учениците не им придаваат важност на овие стратегии и ретко ги користат, иако тие се од огромна важност за успехот во усвојувањето на јазикот. Хеџ (Hedge, 2000, p. 94) сугерира дека наставниците и ученциите може да ја промовираат употребата на метакогнитивните стратегии преку различни активности. Откако ќе развијат ефективни начини на учење, учениците ќе бидат способни да го планираат и организираат своето учење надвор од училницата поефикасно. Како што забележува Браун (Brown, 2007, p. 147), крајната цел на овој вид на настава која вклучува поучување на користење на стратегии не е само успешно завршување на еден курс, бидејќи успешните ученици не го ограничуваат своето учење само на училницата, туку продолжуваат да учат надвор од училницата и додека

трае курсот, но и по неговото завршување. Тие се свесни дека наставата во училницата е само можност за започнување на патот кон успехот и дека надвор од училницата постојат многу можности за учење, вежбање и усовршување на јазикот. Раја (Raya, 1998, p. 18) ги наведува следниве принципи за користа и важноста на стратегиите:

1. Употребата на соодветни стратегии го подобрува учењето.
2. Стратегиите може да се учат и поучуваат.
3. Стратегиите се специфични карактеристики на ученикот.
4. Стратегиите не се секогаш видливи.
5. Употребата на стратегиите зависи од когнитивниот стил на ученикот.
6. Стратегиите се одговорни за асимилација на нови информации.
7. Стратегиите помагаат за наоѓање и присетување на информации.

Во однос на третиот тип на активности, Хеџ (Hedge, 2000, p. 94) забележуvа дека денес во многу учебници има дел за проверка каде што учениците може да оценат колку добро го научиле материјалот од таа лекција, каде сé уште имаат потешкотии и на што треба да посветат внимание за да го подобрат своето знаење. Таа истакнува дека само-оценувањето е посебен вид на метакогнитивна стратегија и дека тоа е корисен додаток на традиционалното оценување, чија цел е учениците да развијат карактеристики на успешни ученици кои вклучуваат способност да се оцени своето знаење како и способност да се биде самокритичен. За да им се помогне на учениците да го оценуваат своето знаење, наставниците може да обезбедат критериуми за оценување на успешноста на различни задачи и активности кои учениците ги реализираат во училницата. За таа цел, наставниците може да креираат рубрики за оценување и да ги споделат со учениците, така што освен оценувањето од наставникот, учениците ќе можат и самите да се оценат. Рубриките за оценување се исто така корисни бидејќи им покажуваат на учениците што се очекува од нив и на кои аспекти треба да обрнат внимание. Постојат повеќе истражувања кои покажуваат дека само-оценувањето има позитивни ефекти не само врз подобрувањето на знаењето и јазичната компетенција, туку и врз развивањето на ученичката автономија (Mazloomi and Khabiri, 2018; Micán and Medina, 2017; Qasem, 2020; Wong and Mak, 2019).

Друг начин на кој учениците можат да го следат и оценуваат својот напредок е преку водење на дневник, кој им овозможува на учениците да размислуваат не само за тоа што го учат, туку и како учат (Harmer, 2007, p. 400). Овој вид на инстроспекција може да има многу позитивен ефект на нивниот напредок во усвојувањето на јазикот бидејќи кога учениците имаат можност да размислат внимателно за тоа што правеле, тие многу полесно можат да разберат како и зошто е постигнат тој резултат и да одлучат што треба да прават понатаму. Хармер посочува дека кога се воведува идејата за користење на дневници, наставникот треба да им каже на учениците зошто е добро да се води дневник и што треба да пишуваат во нив, при што корисно би било учениците да видат пример што и како се пишува во дневникот. Учениците исто така треба да знаат кога и колку често треба да пишуваат во дневникот. Многу е важно уште на почетокот наставникот и учениците да се договорат дали дневникот ќе биде приватен или јавен, и ако е јавен кој би имал право да го чита. Хармер посочува дека би било добро наставникот да има право да го чита дневникот бидејќи тоа ќе им даде информации за напредокот на ученикот и неговите искуства во учењето. И последното нешто што треба да се договорат е дали наставникот треба да дава свој коментар на тоа што го напишал ученикот и каков треба да биде коментарот. Наставникот може да напише две-три реченици за да покаже дека прочитал или да даде совет и коментар во врска со напишаното. Најважно е да им се дозволи на учениците да решат што е за нив најдобро и најкорисно. Раја (Raya, 1998, p. 26-27) забележува дека ученичките дневници се важен иструмент за подигнување на свесноста на учениците за нивното учење, добивање сознанија за процесот на учење и развивање на стратегии кои ќе им помогнат на учениците да бидат поуспешни во учењето. Рубин (Rubin, 2005, p. 37-44) предложила модел на успешните изучувачи на странски јазици во кој има постојана интеракција помеѓу процедурите или метакогнитивните стратегии кои ги користат учениците и нивното знаење и верувања. Таа објаснува дека во процесот на учење, учениците користат процедури или метакогнитивни стратегии кои влијаат на нивното знаење и верувања, но во текот на тој процес знаењето и верувањата може да се променат, што може да придонесе за промена на процедурите или метакогнитивните стратегии, така што има постојата интеракција помеѓу нив.

Есмаили и Барјестех (Esmaili & Barjesteh, 2016) истакнуваат дека ако прифатиме дека успехот во учењето и степенот до кој учениците ќе успеат да го искористат својот потенцијал за да ги надминат тешкотиите и да станат автономни ученици зависи од повеќе фактори како што се мотивацијата, нивната желба да го усвојат јазикот, верувањата што ги имаат за себе како ученици и за самото учење, можеме да очекуваме дека промената на негативните верувања и ставови кај учениците може да придонесе за поголем успех во учењето.

### 4. ЗАКЛУЧОК

Концептот на ученичка автономија може да се гледа од различни перспективи. Некои наставници можеби сакаат да им помогнат на учениците да развијат вештини и стратегии за ефективно учење едноставно заради тоа што сакаат нивните ученици да напредуваат и да работат ефикасно во училницата. Други наставници сакаат нивните ученици да се стекнат со знаење и техники за самостојно учење за да можат да го надополнат учењето во училницата со учењето надвор од неа. Додека пак некои наставници сакаат нивните ученици да можат да продолжат да го усовршуваат јазикот и по завршувањето на курсот, така што ќе можат да продолжат да учат самостојно во текот на целиот живот.

За учениците кои имаат голема мотивација и позитивен став кон учењето на јазикот, доволно е наставникот да им помогне да откријат стратегии за учење и да им дадат дополнителни идеи за самостојно учење. Но, за учениците кои се навикнати да се потпираат на наставниците и кои имаат пасивен однос кон учењето, потребно е да се воведе обука за користење на стратегии за самостојно учење. На таквите ученици треба да им се покажат начини на самостојно учење и да се поттикнуваат да преземаат иницијатива и одговорност за своето учење. На тој начин наставниците ќе им помогнат да станат поуспешни ученици и да развијат вештини кои се неопходни за да станат автономни и независни ученици.

### БИБЛИОГРАФИЈА


Brown, H. D. (2007). *Principles of Language Learning and Teaching*. (5th ed.). New York: Pearson Education.

Cotterall, S. (2000). Promoting learner autonomy through the curriculum: principles for designing language courses. *ELT Journal*, 54/2.

Dickinson, L. (1995). Autonomy and motivation: A literature review. *System*, 23, 2, 165-174.

Esmaili, M. R., & Barjesteh, H. (2016). How to develop learner autonomy?. *JIEB-4-2016*, 69-72. Retrieved from: https://www.psp-ltd.com/JIEB_39_4_2016.pdf

Harmer, J. (2001). *The Practice of English Language Teaching*. (3rd ed.) Harlow: Longman.

Harmer, J. (2007). *The Practice of English Language Teaching*. (4th ed.) Harlow: Longman.

Hedge, T. (2000). *Teaching and Learning in the Language Classroom.* Oxford: Oxford University Press.

Holec, H. (1981). *Autonomy and foreign language learning*. Oxford: Pergamon.

Little, D. (1991). *Learner autonomy 1: Definiions, issues and problems*. Dublin: Authentik.

Mazloomi, S., & Khabiri, M. (2018). The impact of self-assessment on language learners' writing skill. *Innovations in Education and Teaching International*, 55(1), 91-100.

Micán, A. D., & Medina, L. C. (2017). Boosting vocabulary learning through selfassessment in an English language teaching context. *Assessment & Evaluation in Higher Education*, 42(3), 398-414.

Oxford, R. L. (1990). *Language learning strategies: What every teacher should know*. New York: Newbury House.

Qasem, F. A. A. (2020). The Effective Role of Learners' Self-Assessment Tasks in Enhancing Learning English as a Second Language. *Arab World English Journal (AWEJ)*, 11(3), 502-514.

Raya, M. J. (1998). *Training language learners to learn.* In W. Gewhr (Ed.), *Aspects of Modern Language Teaching in Europe.* London: Routlegde.

Rubin, J. (2005). The Expert Language Learner: a Review of Good Language Learner Studies and Learner Strategies. In K. Johnson (Ed.), *Expertise in second language learning and teaching*. New York: Palgrave Macmillan.

Warchulski, D. (2015). Promoting learner autonomy through self-assessment and goal-setting. *New Directions in Teaching and Learning English Discussion*, 3, 214-222.

Wong, K. M., & Mak, P. (2019). Self-Assessment in the Primary L2 Writing Classroom. *Canadian Modern Language Review*, 75(2), 183-196.